Јавно Комунално Претпријатие
ЗЕЛЕНИКОВО
Бр. 03 – 17/1
09.03.2020 год
Станица Зелениково
Општина Зелениково

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО
KËSHILLI I KOMUNËS SË ZELENIKOVË

| Примено: Pranuar: 09.03.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtesë: | Вредност: Vlerë: |
| 07 | 131/1 | | |

| | |
|---|---|
| Архивски знак: Shenjë arkivuese: | 07 06 |
| Рок на чување: Afati i ruajtjes: | год. viti |
| 07 06 | 2020 год./viti |
| | Потпис/Nënshkrimi |

**ОД; ЈКП ЗЕЛЕНИКОВО**
**Станица Зелениково**

**ДО ; СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**
**Претседател Томе Неделковски**

**ПРЕДМЕТ; БАРАЊЕ за разгледување и усвојување на :**

1.Програма за работа на ЈКП Зелениково за 2020 година и годишен план за јавни набавки за 2020 година.

2.Завршна сметка на ЈКП Зелениково за 2019 година .

Во прилог ви ги диставуваме програмата за работа за 2020 год на ЈКП Зелениково и завршната сметка за 2019 година на ЈКП Зелениково.

**ЈКП Зелениково**

**Директор**
**Крсто Јанакиевски**

Јавно Комунално Претпријатие ЗЕЛЕНИКОВО Станица Зелениково Општина Зелениково

Јавно Комунално Претпријатие
ЗЕЛЕНИКОВО
Бр. 03 – 97/1
31. 12. 2019 год
Станица Зелениково
Општина Зелениково

Врз основа на член 19 став 2 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96) и член 15 од Статутот на Јавно комунално препријатие, Директорот на Јавното кмунално претпријатое Зелениково ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за работа и развој
## на Јавното комунално претпријатие Зелениково
### за 2020 година

I. Имајки ја во предвид дејноста на работењето и основните цели и задачи на Јавното комунално претпријатие Зелениково, во 2020 година ќе ги остварува преку извршување на следните деловни активности:

1. Испорака на вода за пиење на корисниците (правни и физички лица) на територијата на Општина Зелениковои и дел од територијата на село Морани
2. Врешење на услугата одржување на пумпи и пупмпни станици кој пумпаат вода во резервраите за напојување на граѓаните од високата зона на Општина Зелениково
3. Вршење на услуга на собирање и безбедно транспортирање на отпад од корисниците (правни и физички лица) на територијата на Општина Зелениково,на дел од корисниците од село Морани и некои правни лица од територијата на Општина Кисела Вода
4. Вршење на услуга одржување на канализационата мрежа за корисниците (правни и физички лица) на територијата на Општина Зелениковои на дел од територијата насело Морани и проширување на нови линии односно превземање на приватните канализациони мрежи.
5. Вршење на услугите за одржување на Јавна Чистота,услугите во хорти културата и услугите за чистење на снегот во зимски услови на територијата на Општина зелениково.
6. Вршење на услугата одржување на уличното осветлување на територијата на Општина Зелениково.
7. Вршење на услугата чистење на речните корита на реките во територијата на општинаЗелениково

Сооваа програма е определен начинот и динамиката на собирање и безбедно транспортирање на комунален цврст отпад и водоснабдувањето на подрачјето на Општина Зелениково. Со оваа Програма опфатени се сите

делови и населени места на подрачјето на општина Зелениково. Собраниот комунален отпад како од физичките лица така и од правните лица со специјално возило безбедно ќе се транспортира и депонира во санитарната депонија Дрисла.

II. За одржување на водоводната мрежа и отстранување на дефектите, Јавното комунално претпријатие Зелениково, располага со соодветен алат но истовремено располагаи со потрошен материјал кој е неопходен за отклонување на дефектите.Потрошниот материјал се набавува согласно потребите.За одржување на водоводната мрежа и отстранување на дефектите се грижат двајца работници. По потреба истите се ангажираат за одржување и на канализационата мрежа. Имајки во предвид дека водоводната мрежа е во употреба повеќе од 35 години, по потреба, за нејзино одржување и за отстранување на дефектите се ангажираат повеќе работници и машини за ископ на земјиштето.За одржување на пумпите и пумпните станици кој се веќе 20 години во секојдневна работа и доаѓа до дефекти на заптивачи,абење на осовини,лагери,перки и други деловои кој веке се дотрајани како и нивните електромотори и електроника за тоа се ангажираат стручни лица од страна.Директорот во разговор со сервисерите на пумпите дојдоа до заклучок дека електромоторите се предимензионирани за двете пумпни станици (ст.Зелениково и Орешени)со тоа може да се направи замена на пумпата од Орешани да се донесе во ст.Зелениково со таа замена ке добиеме намалување на ел.Енергија за 50% од досегашните фактури. За вршење на услугата собирање и транспортирање на смет, Јавното комунално претпријатие Зелениково располага со специјално возило со носивост од 8 метри кубни а работата ја извршуваат еден возач и двајца работници за утовар на истиот. Истите се во работен однос во ЈКП Зелениково. Возилото се одржува од страна на ЈКП Зелениково, бидејки истото е превземено од општина Зелениково. Финанасиските средства за одржување, регистрација и поправка се на товар на ЈКП Зелениково. Наплатата на сметките се врши од страна на двајца инкасатори. По потреба за наплата на сметките се ангажираат и други лица вработени во ЈКП Зелениково. Стручно административните работи ги извршуваат двајца работници. За одржување на локалните патишта исто така се ангажирани двајца работници. Раководен орган на ЈКП Зелениково е директорот. За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности се предвидува дека неопходно ќе биде да се обезбедат доволно финансиски средства за извршување на истите.

**III.** ЈКП Зелениково за 2020 година планира:

- Да се заменат дел од водомерите т.е околу 500 водомера. За набавка на 500 водомери треба да се обезбедат околу 1.250.000,00 денари;

- Да се заменат сите вентили пред водомеритет.е околу 500 вентили.За набавка на 500 вентили треба да се обезбедат околу 200.000,00 денари;

-Поправка или замена на вентили на водоводна цевка f1 50,f1 25, f 63 не може да се предвиди бидејки износот на средства за нивна поправка или замена зависи од нивната големина;

-Поставување на шахти, таму каде што нема;

-Набавка и монтирање на шахти за контролни броила,

-Превземање на други дејствија во зависност од финанасиските средста, односно апликација и учество на сите домашни и меѓународни конкурси за унапредување на водоводниот и канализациониот систем;

-Реконструкција на водоводниот систем за зголемување на притисокот;

-Реконструкција на водоводната инсталација во с. Зелениково и каде што има потреба.

-набавка и монтажа на капаци на отворените шахти на територијата на општина Зелениково

-Набавка на пломби со ¾ и ½ за пломбирање на холендерите на самите водомери

-Набавка на контејнери помош од Комунална хигиена,

-Набавка на канти за смет за секој корисник

- Отсранување на дефекти;

-Поправка на канализациона мрежа;

-набавка на хидраулична корпа за одржување на уличното осветлување

-Замена на водомеритеи поставување нова линија надвор од дворовите на граѓаните;

-Откривање на диви приклучоци и поставување клуч на секоја шахта како би се намалила загубата во вода

-Превземање на ригорозвни мерки кон корисниците кои не ги плаќаат сметките за комунални услуги, а тоа значи редовно тужење до 10-тата неплатена сметка со претходна опомена.

-Исклучување на корисниците што не плаќаат сметки од водоводната мрежа

ЈКП планира вработување на возач со ц категорија за трактор и ровокопач

Вработување за одржување и контролирање на водомери хаусмајстор

Електричар за одржување на улично осветлување

Што се однесува до Канализационата мрежа, Јавното комунално претпријатие Зелениково има надлежности истата да ја одржува, додека Јавното комунално претпријатие Зелениково не гради канализациони системи,

Планираните дејности ќе се реализираат во период од месец Април до месец Октомври во зависност од финансиските можности.

За реализација на оваа програма треба да учествуваат:

-Јавното комунално претпријатие Зелениково,

-Советот на општина Зелениково со изнаоѓање спонзорства и
-Градоначалникот на општина Зелениково.
За да може оваа програма на ЈКП Зелениково да се изврши потребни се месечно 1.300.000,00 денариили годишно 15.600.000,00 денари.
Ова би се остварило доколку:

Заклучок:
-Јавното комунално претпријатие Зелениково да продолжи со изнаоѓање на диви приклучоци
-Поднесување на навремени тужби
-Помош од Советот на Општината
-Помош од формираната комисија за комунални работи
-Помош од Градоначалникот
-Напори за превземање на Водоводниот систем на општина Зелениково од страна на ЈП Водовод и канализација Скопје

## V.ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 1.Планирани приходи

| Р.бр. | Вид на приходи | Износ |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода | 4.700,000,00 |
| 2 | Собирање и транспортирање на смет | 4.500.000,00 |
| 3 | Приходи од приклучоци | 60.000,00 |
| 4 | Приходи од канализација | 400.000,00 |
| 5 | Приходи од одржување на улично осветлување | 354.000,00 |
| 6 | Приходи од одржување на јавна чистота | 354.000,00 |
| 7 | Приходи од зимско одржување | 354.000,00 |
| | Вкупно: 1+2+3+4+5+6 | 10.722,000,00 |

### 2.Планирани расходи

| | вид расходи | износ |
|---|---|---|
| 1 | Примена вода | 3.500.000,00 |
| 2 | Гориво | 472.000,00 |
| 3 | Смет Дрисла | 650.000,00 |
| 4 | Електрична енергија | 1.100.000,00 |
| 5 | Бруто плати | 4.600.000,00 |
| 6 | Тековно одржување на водовод | 600.000,00 |
| 7 | Тековно одрживање на канализација | 100.000,00 |
| 8 | Адвокатски и нотарски услуги | 270.000,00 |
| 9 | Анализа на вода | 30.000,00 |
| 10 | Трошоци за хтз опрема | 80.000,00 |
| 11 | Банкарски услуги | 40.000,00 |
| 12 | Агенција за вработување | 300,000,00 |
| 13 | Консултанстки книговодител | 150.600,00 |
| 14 | Административни такси | 60.000,00 |
| 15 | Поштенски и телефонски услуги | 140.000,00 |
| 16 | Управен одбор | 213.000,00 |
| 17 | Регистрација на возила | 60.000,00 |
| 18 | Одржување на возила | 200.000,00 |
| | | |
| | | |
| | Вкупно: | 12.565.600,00 |

Од прикажаната табела се гледа дека најголеми расходи се:

Примена вода
Електрична енергија
Плати на вработените на ЈКП Зелениково

**VI.Оперативни активности кои произлегуваат од дејноста**

Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комунален отпад во една урбана средина во рамките на законската регулатива што има директно влијание за зачувување на животната средина гледано од аспект на санитарно и еколошко значење.

1. Собирањето на смет ќе се врши според следнава неделна динамика:
   -Понеделник ( Млекара, Плоча, Викенд населба Орешани-Чука, Викенд населба Моране, дел од село Орешани, Хајтеч)
   -Вторник (Ново село, Пакошево, дел од с. Орешани и фруктал)
   -Среда (с. Зелниково и Таор)
   -Четврток (ст. Зелениково, ОУ Марко Цепенков и фирмите во индустриска зона Пинтија)
   -Петок (Фруктал и хај-теч).
2. Редовно ќе се проверува состојбата на водоводната мрежа и ќе се врши замена на дотраените делови (во зависност од финансиските средства)
3. Замена на сите срца на водомерите (во зависност од финансиските средства на ЈКП Зелеников и на Општина Зелениково)
4. Редовно ќе се проверува состојбата на одводната канализациона мрежа

VII. Мерки за санирање на финансиската состојба

Со оглед на алармантната состојба со ликвидноста и со загубата на вода нужно е непосредно и постојано следење на финансиските текови со вклучување на Управниот одбор и Основачот-Советот на општина Зелениково и тоа:

1.Зголемена наплата на тековните побарувања и засилување на мерките на присилна наплата на побарувањата од минатата година (опомени, тужби)

2.Оперативни односи насочени кон намалување на загубата на вода, преку:

-Пронаоѓање и санкционирање на дивите приклучоци

Потребна е помош од советот на општината за пронаоѓање и санкционирање на дивите приклучоци

3. Вклучување на возилото за транспорт на смет за потребите на Дрисла и Комунална хигиена и во други денови надвор од општината ако тоа го бараат посочените фирми

4. Зголемување на цената за физичките,правните и други субјекти како и изнаоѓање на други правни лица по булеварот Борис Трајковски
5. Проширување на деловните активности на претпријатието со нови дејности во согласност со законската регулатива

6. За состојбата на ЈКП Зелениково редовно ќе бидат информирани Управниот одбор и Советот на Општина Зелениково.

VIII. Годишен план за јавни набавки

Во насока на реализација за обавување на дејноста, претпријатието ќе донесе Годишен план за јавни набавки и тоа за сите видови трошоци кои се непосредно поврзани со обавување на дејноста.

Превземање дејствија за изнаоѓање на донации за унапредување и развој на ЈКП Зелениково

-Промена на сите водомери

-Промена на застарената инсталација

-Поврзување на високите зони со резервоарите

-Воведување на редовно плаќање на црквите, џамиите, гробиштата и општината за извршените услуги од страна на ЈКП Зелениково

За погоренаведените активности што треба да ги изврши ЈКП Зелениково потребни се многу финанансиски средства а истите треба да се обезбедат преку Советот на општина Зелениково, Општината и ЈКП Зелениково. Во спротивно ЈКП Зелниково со досегашната динамика на финанасиски средства не ќе може овој товар да го поднесе од следите причини:

-Секојдневни ситни дефекти на веќе застарената 30 годишна водоводна инсталација

-Повремени големи дефекти на Главниот цевковод кои изнесуваат и до 130.000 денари за санирање на еден таков дефект

-Според сето ова изнесено потребно е помош од сите структури на Општината почнувајки од Градоначалникот, Советот и ЈКП Зелениково.

За да се изведат сите овие наброени активноси ЈКП изготвува Годишен план за јавни набавки почнувајки од јануари 2020 година.

Во прилог на погоренапишаното Ви ја приложуваме табелата Годишен план за јавни набавки 2020 година.

ВД Директор
Крсто Јанкиевски

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2020 ГОДИНА НА ЈКП ;ЗЕЛЕНИКОВО;

| Р.бр | Опис *на договор* | Очекуван почеток на набавка | Проценета вредност на договор без ддв во денари | Вид на постапка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Набавка на канцелариски материјал* | Март- дек | 100.000.00 | Оглас за набавка на Прибирање понуди |
| 2 | *Набавка пластични цевки за одржување на водна инсталација* | Март дек | 150.000.00 | Оглас за набавка на Прибирање понуди |
| 3 | *Гориво за моторни возила* | Март-дек | 300.000.00 | Оглас за набавка на Прибирање понуди |
| 4 | *Нобавка на лиено железни елементи* | Март-дек | 300.000.00 | Оглас за набавка на Прибирање понуди |
| 5 | *Набавка на поцинкувани* елементи за Водоводна инсталација | Март-дек | 300.000.00 | Оглас за набавка на Прибирање понуди |
| 6 | *Набавка на ХТЗ опрема* | Март-дек | 80.000.00 | Оглас за набавка на прибирање понуди |
| 7 | *Набавка на пумпи за пумпни станици И нивно одржување* | Март-дек | 300.000.00 | Оглас за набавка на прибирање понуди |
| 8 | *Набавка на гуми пневматици за возила* | Март-дек | 150.000.00 | Оглас за набавка на прибирање понуди |
| 9 | *Нобавка на моторни масло и мазива* | Март-дек | 80.000.00 | Без оглас |
| 10 | *Одржување на специјално возило ХЈУНДАИ И ТРАКТОР ЛАБИН ПРОГРЕС* | Март-дек | 150.000.00 | Оглас за набавка на прибирање понуди |
| 11 | *Адвокатски услуги* | | 300.000.00 | Без оглас |
| 12 | *Регистрација на возила* | | 60.000.00 | Без оглас |
| 13 | *Услуги на ископ на водоводна иканализациона мрежа* | Март-дек | 250.000,00 | Оглас за набавка на прибирање понуди |
| 14 | *Сметководствени услуги* | | 200.000.00 | Без оглас |
| 15 | *Печатење на сметки од печатница* | Март дек | 60.000.00 | Без оглас |
| 16 | *Нобавка на пластични канти за смет* | Март-дек | 300.000.00 | Оглас за набавка на прибирање понуди |

Јавно Комунално Претпријатие ЗЕЛЕНИКОВО Станица Зелениково Општина Зелениково